## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СЀ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

## Работно место: Готвач
## Оддел: Менза – Општи работи и логистика

Доколку сакате да бидете дел од тимот на Менза – Општи работи и логистика во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

### Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено средно угостителско образование – насока *Готвач*.
- Работно искуство во струката ќе се смета за предност.
- Имате познавање од законската регулатива на работата со храна.
- Сертификат за хигиена на храната и за заштита на животната средина ќе се смета за предност.
- Сертификат за принципите на HACCP и за апликација на принципите (теорија и пракса) ќе се смета за предност.
- Педантни сте и се одликувате со точност, прецизност и со проактивност во работењето.
- Имате развиени комуникациски вештини и ориентација спрема тимска работа.

### Цели и одговорности на работното место

- Подготовка на дневни оброци во согласност со утврдениот месечен план за исхрана.
- Учество во подготовката на предлог месечни менија за оброци и давање предлози за нови рецептури или за подобрување на постојните.
- Квалитетно аранжирање, декорирање и сервирање на дневните оброци.
- Континуирана проверка на квалитетот и на исправноста на производите што се наоѓаат во ладилниците и во прирачниот магацин.
- Водење евиденција за количината на производите што се потребни за приготвување на дневните оброци.
- Водење евиденција за приемот на намирниците, надзорот на температурата, како и за контролата врз транспортното возило.
- Грижа за одржување хигиена во работниот простор во согласност со воспоставените стандарди.
- Работа во целосна согласност со IMS, HACCP и со ISO-стандардите.

### Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели
- Приватно здравствено осигурување
- Бенефиции за вработените и за децата на вработените

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/113

*„Алкалоид“ АД Скопје застапува политика за недискриминација по ниту една основа и во согласност со нашите клучни вредности ја промовира различноста во регрутацијата и селекцијата.*

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
*Здравјето пред сѐ*